ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 13/22



13.12.2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК

во наставно-научно звање, за научно поле: „Економски науки“ (503 - Фраскатиева класификација), за наставно-научна област: „Друго / Мултилатерален трговски систем“ (50329 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки при Европски универзитет Скопје

Врз основа на Конкурсот објавен на ден 07 јули 2022 година, во дневниот весник “Вечер” за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација), за наставно-научна област: „Друго/Мултилатерален трговски систем“ (50329 - Фраскатиева класификација), Наставно - научниот совет на Факултетот за економски науки при Европски универзитет Скопје, на 311-та седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе Одлука бр.02-964/1 од 23.09.2022 година, со која се формира Рецензентска комисија за избор на наставник, во состав:

1. д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - претседател;
2. д-р Јованка Биљан, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола – член;
3. Акад. д-р Абдулменаф Беџети, редовен професор на Факултетот за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 07.07.2022 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за научното поле: „Економски науки„ (503-Фраскатиева класификација), за наставно-научна област: „Друго/Мултилатерален трговски систем“ (50329-Фраскатиева класификација) се пријави само кандидатот д-р Зоран Јолевски, вонреден професор на Факултетот за економски науки при Европски универзитет Скопје. Кон пријавата кандидатот ги поднесе потребните документи, согласно Законот за високото образование и подзаконските акти на Европски универзитет Скопје.

### Биографски податоци за кандидатот проф. д-р ЗОРАН ЈОЛЕВСКИ

Д-р Зоран Јолевски е роден на 16.7.1959 година во Скопје. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во 1983 година. Во 1991 година се стекнал со звање магистер на правни науки на Правниот факултет во Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“. Во 2001 година докторира на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ со труд насловен „Регулативата на Светската трговска организација и надворешно трговскиот систем на Македонија“. Во 1993 година стекнал постдипломска диплома од областа на Меѓународни односи и развој на Институтот за општествени студии во Хаг, Холандија, а од мај до јули 1994 година го посетувал IV-от Специјализиран курс од областа на трговската политика и регулативата на GATT, во Женева, Швајцарија.

## I. АКАДЕМСКИ АНГАЖМАН

Во 2003 година е избран за доцент на Факултетот за општествени науки во Скопје по предметот Меѓународни економски односи. Воедно ги предава следниве предмети: Надворешна трговија и Политика на Европската унија во економската сфера. Во 2007 г. е избран за вонреден професор на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет – Република Македонија, по предметот Меѓународни економски односи, а истата година заминува на функцијата амбасадор во Вашингтон.

Професорот Јолевски по враќањето на Европскиот универзитет – Скопје ги предава следниве предмети на додипломски студии: Меѓународна трговија, Економски политики на ЕУ, Применета економија, Јавни финансии, Економска мисла и развој, Даночен менаџмент и Меѓународни финансии, а на втор циклус ги предава следните предмети: Монетарна и фискална политика на ЕУ, Светски пазар и економски интеграции, Осигурување, Менаџмент со набавки во здравствени и фармацевтски институции и организации.

Од јануари 2021 е Fellow на Универзитетот Харвард, САД, а од декември 2021 до јуни 2022 е Senior Fellow на истиот универзитет.

Во јануари 2022 година држи предавања во областа на меѓународни предговори на The London School of Economics and Political Science (LSE), Лондон, Велика Британија. Професорот Јолевски е редовен предавач на Srpsko-američke Akademije za lidere, каде одржал предавања во 2020 и 2022.

Од 2014 е Distinguished Fellow на New Westminster College, Ванкувер, Бритиш Колумбија, Канада.

За наставното искуство на кандидатот показател се предавањата што ги има одржано на повеќе реномирани универзитети, меѓу кои ќе ги истакнеме: College of Europe, Бриж, Белгија, Colombia University, Њујорк, САД, Georgetown University, Вашингтон, САД, George Washington University, Вашингтон, САД, Norwich University, Нортфилд, САД, University of Georgia, Атина, САД и други.

Во Извештајот за самоевалуација на Европскиот универзитет-Скопје од 2019 година, резултатите од извршената самоевалуација на Зоран Јолевски претставуваат доказ за успешноста во реализација на наставно-образовната дејност. Имено, од максималната оценка 5, во анкетата Јолевски од страна на студентите е оценет: Јавни финансии 4,95; Меѓународни финансии 4,86; Меѓународна трговија 4,81; Применета економија 4,72 и Економска мисла и развој 4,12.

## II. ДРУГО РАБОТНО ИСКУСТВО

Од 1988 до 1999 година работи во Министерството за надворешни – Сектор за европски држави и Сектор за мултилатерала. Бил секретар на владината координативна група за сукцесија и економската работна група при Меѓународната конференција за поранешна Југославија. Во 1993 година бил задолжен за координација на подготовката на документите потребни за добивање статус на набљудувач на Македонија во GATT. Од 1994 до 1998 година е прв секретар на Постојаната мисија за Република Македонија во Женева, каде ја следи работата на специјализираните агенции од системот на ООН кои имаат седиште во Женева, како што се УНКТАД, Економската комисија на ООН за Европа, Меѓународниот трговски центар, Светската организација за интелектуална сопственост, Меѓународната унија за телекомуникации, Меѓународната организација на труд и др.. Исто така како дипломат ја следел и работата на Светската трговска организација од нејзиното основање во 1995 година. Во периодот од ноември 1995 до март 1996 година со одлука на Владата бил одговорен за подготовка на Меморандумот за пристапување во Светската трговска организација. Покрај ова работи на постигнување на договорен статус на Македонија за економска соработка со земјите на EFTA. Исто така во Постојаната мисија е задолжен и за соработката со Светскиот економски форум и Кран-Монтана форум. По враќањето од Женева станува член на Координативното тело за пристапување на РМ

во СТО, а во 1999 година е именуван за заменик национален координатор за Косовската хуманитарна криза.

Од 2000 до 2004 година е генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Покрај ова Владата го именува за заменик национален преговарач и специјален советник на министерот за економија за пристапување на Македонија во Светската трговска организација. Беше член на претседателскиот комитет " Е- Македонија за сите" чија задача меѓу другото е создавањето информатичко општество и развој на дигиталната економија во Македонија. Од 2007 е вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во САД. Воедно е нерезиндентен амбасадор во Мексико и Бразил. Од 2008 до 2014 година е преговарач во процесот под покровителство на ОН за разликите околу името меѓу Македонија и Грција. Во 2014 е именуван за министер за одбрана.

## *III.* СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

*а) Долгорочни консултантски услуги*

**1. Директор на Проектот** „Усогласување со Светската трговска организација " од 2004 до 2006 година имплементиран од Booz Allen Hamilton, компанија со седиште во Вашингтон. Проектот беше финансиран од УСАИД (вкупната вредност беше 2,5 мил. САД $ за 2 години). Управува и менторира персонал од 7 вработени со полно работно време, 10 краткорочни консултанти и вкупно шеснаесет практиканти. Позначајни активности:

- во 2005 и 2006 година ги организира Годишните конференции за зајакнување на извозот, кои за првпат создадоа јавно-приватен дијалог за трговската политика на Македонија. Препораките од конференциите беа вградени во економската програма на Владата.
- подготвува предлог на структура и надлежности на институциите, како и координација на креирањето на надворешно-трговските економски политики на Владата
- подготвува предлог за механизми за меѓувладина координација за прашања од трговијата и економскиот развој;
- изработка на законски и подзаконски акти со цел да бидат исполнети обврските од пристапувањето на СТО;
- драфтирање на законски акти со цел да се исполнат обврските кон СТО;
- развој на механизми за јавно-приватен дијалог за трговската политика.

**2. Директор на Проектот „Подобрување на деловната клима во Македонија"** од 2006 до 2007, имплементиран од Booz Allen Hamilton, компанија со седиште во Вашингтон, САД. Проектот беше финансиран од УСАИД (вкупната вредност беше 8 мил. САД $ за 5 години). На проектот управува и менторира околку 15 консултанти со полно работно време, како и 10 краткорочни консултанти. Одговорен за координирање на комплексен сет на политики во 5 различни области:

- Подобрување на трговскиот и инвестицискиот капацитет во Македонија, олеснување на трговијата, интегрирана економска стратегија, како и воспоставување на дијалог меѓу Владата, државните институции и приватниот сектор во креирањето на економските политики;
- Фискална децентрализација и небанкарски финансиски развој;
- Корпоративно управување, зголемување на транспарентноста, намалување на пречките за инвестиции и раст на малите бизниси, особено во сопственост на жени и други;
- Намалување на нивото на невработеност преку поттикнување на пофлексибилен пазар на труд и пофункционален пензиски систем; како и
- Меѓусекторски прашања како што се развивање потранспарентна правна и регулаторна рамка, градење локални капацитети за експертиза.

3. **Главен консултант на Владата на Македонија за преговорите за пристапување кон СТО.** Ја координира подготовката за Меморандумот за пристапување, прво кон ГАТТ, а по формирањето на СТО и на Меморандумот за пристапување кон СТО. Ја координира подготовката и на другите потребни документи за пристапување и директно е ангажиран во преговорите.

4. Како **fallow,** а потоа како **senior fellow на Универзитетот Харвард**, САД од јанаури 2021 до јуни 2022 година, работи на проект со општествен импакт: "Comprehensive Strategy for Enhanced Economic Integration of the Southeast Europe in Wider Europe".

*б) Краткорочни консултантски услуги*
1. **Консултант за пристапување во СТО на Етиопија** (март 2006). Ангажиран од Буз Ален Хамилтон, проект финансиран од УСАИД. Ангажманот се состоеше во давање совети етиопските власти за процесот на пристапување и давање препораки за најдобрите практики за пристапување во СТО.
2. **Консултант за пристапување на Србија во СТО** (април 2006). Ангажиран од Германската агенција за развој – ГТЗ. Ангажманот се состои во давање совети на Владата на Србија за подготовка на понуда за либерализација на услужниот сектор, подготовка на документ за процедури за лиценцирање, како и воспоставување на координативен механизам за креирање на надворешно-трговските политики поврзани со СТО.
3. **Консултант за подготовка на одговорите од прашалникот за добивање кандидатски статус ЕУ** (октомври 2004 - јануари 2005) за Главата 26 Надворешни односи во Апликацијата за членство во Европската Унија.
4. **Консултант на UNDP** (ноември 2004 – декември 2004 година) за изработката на Извештајот за усогласеност со милениумските развојни цели во областа на меѓународната трговија и директните странски инвестиции, како дел од Партнерство за развој (цел бр. 8)

## IV. ОПШТЕСТВЕН АНГАЖМАН

**Позначајни функции во меѓународни организации:**

- заменик претседавач на Комитетот за трговија на Економската комисија за Европа на Обединетите нации со седиште во Женева (од 2005 г. до 2007)
- член на Групата специјалисти за развој на претпријатието преку интернет – Економска комисија за Европа на ООН (од 2000 г. до 2005 година)
- претседавач на тркалезната маса посветена на "Правата од интелектуална сопственост – идентификување на пречките и олеснување на трговијата" одржана во рамките на II Меѓународен симпозиум за олеснување на трговијата, одржан во Женева во организација на Обединетите нации на 14-15 мај 2003 година
- член на Бирото на Комисијата за странски инвестиции на UNCTAD (1998/1999 г);
- заменик претседател на Експертскиот состанок на UNCTAD за развојната димензија на регионалните и мултилатералните спогодби за странски инвестиции (1998 г).

**Членство во Управни одбори на невладини организации**

- Член на Советодавниот одбор на Ambassadorial Roundtable, Сан Диего, САД, (2012- )
- Претседател на Уметничката колонија „Дебарца" (2015- )
- Основач и претседател на „Институтот за стратешки иницијативи и политики"(2020 - )
- Член на Управниот одбор Friends of Israel Initiative (претседавач со Управниот одбор е José María Aznar, поранешен премиер на Шпанија, а членови на ова НВО се поранешни претседатели, премери и министри, како и нобеловци) (2021- )
- Почесен член на Бордот на „Македонија 2025" (2006-2014) и член на Советодавниот борд на „Македонија 2025" (од 2022 - )
- Претседател на Институтот за економски стратегии и меѓународна политика "Охрид" (2006 - 2007)
- Член на Претседателството на Евро-атлантскиот клуб во Македонија (2006- 2007)
- Член на Lions Centar, Скопје, Македонија (2005-2007)
- Претседател на Управниот одбор на Меѓународната фондација Борис Трајковски (2004-2005)
- Член на Комитетот "Е-Македонија за сите" основан и раководен од Претседателот на Македонија (2000-2004)

- Член на Претседателството на Македонско-јапонско друштво на пријателство (1990-1994)

# V. ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОДОТ 2018-2022 ГОДИНА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕНОТ 166 СТАВ (3).5. ОД ЗВО:

## V.1. Објавени рецензирани книги:

1. ***„Меѓународна трговија",*** Институт за стратешки истражувања и политики, Скопје 2021 г. стр.330

## V.2. Објавени монографии

1. ***„Светскиот трговски систем"***, II издание, ИСИП, Скопје, 2021 г. стр. 450

## V.3. Објавени трудови (хонолошки):

1. ***„Економски импликации на AI и индустријата 4.0 врз компаративната предност на националните економии"***, ИДЕА, год. 2 бр. 4, стр. 57-64. Научна конференција "Вештачката интелегенција – предизвик на дигиталната ера", Европски универзитет, Скопје, 14.9.2018
2. ***"Multilateral Trading System on Crossroads"*** заеднички труд со проф. д-р Билјана Андреска-Богдановска и м-р Филип Јолевски, ИДЕА, год. 3 бр. 5, стр.11-17, Европски универзитет, Скопје 2019
3. ***„Движење кон персонализирана економија и промените кои произлегуваат од неа"*** заеднички труд со проф. д-р Билјана Андреска-Богдановска. ИДЕА, год. 3 бр. 5, стр. 41- 48, Европски универзитет, Скопје 2019
4. ***"Freedom to provide services, as one of the four freedoms of the European Union's Single Market and its development implications for both Member States and national economies outside the EU"***, Vision International Scientific Journal, Volume 6, Issue 2, Gostivar, December 2021
5. ***„Европскиот зелен дил: главен столб на економската политика на актуелната Европска комисија",*** ИДЕА, год. 6 бр. 11, стр. 29-39, Европски универзитет, Скопје, 2022 г.
6. ***„Сајбер-безбедноста во финансискиот сектор"*** заеднички труд со проф. д-р Александра Станковска, ИДЕА, год. 6 бр. 11, стр. 19-28, Европски универзитет, Скопје, 2022 г.

## V.4. ДРУГИ ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОДОТ 2018-2022 ГОДИНА КОИ НЕ ГИ ИСПОЛНУВААТ УСЛОВИТЕ ВО ЧЛЕНОТ 166 СТАВ (3).5. ОД ЗВО:

1. ***„Финансирање Европског зеленог договора",*** Ekonomski vodici, бр. XXVII (1-2), Časopis Društva ekonomista Beograda, Beograd, juni 2022 g. str. 53-64
2. ***„Систем за тргување со емисии на стакленички гасови во ЕУ, како елемент за поздрава човекова околина"***, Меѓународна научна конференција: Енергетска и здравствена криза – правни, економски, психолошки и политички аспекти, Скопје, 8.4.2022 г. Зборник на трудови, стр. 200-207
3. ***„Хармонизација на царинските стапки со ЕУ за одреден број тарифни броеви по барање на стопанските комори – Анализа на ефектите врз македонската економија",*** Економија и бизнис, Скопје, бр.275/276, јули/август 2021 г. стр. 24-29 (коавтор со д-р Анита Блажевска и Борис Димов)
4. ***"Balkan Politics on The Razor's Edge"***, Balkan Perspectives: Adapting the partnership and integration paths, NATO Defense College Foundation: Rome, 2019 p 35-38
5. ***„Корпоративна безбедност во современата услужна економија и Индустријата 4.0."***, Зборник на трудови на IV меѓународна научна и стручна конференција "Корпоративната безбедност и дигиталните трансформации – предизвик на академската заедница и модерните

корпорации", Асицијација за корпоративна безбедност, владеење на правото и човекови права, Скопје, 19.05.2018 г. стр.16-25

## VI. ПОЗНАЧАЈНИ ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ ПРЕД 2018 ГОДИНА

### VI.1. Книги и публикации

1. "*Мултинационалните корпорации: предизвик на современата економија*" Economy Press, Скопје 1997
2. ***„Светскиот трговски систем"*** Матица, Скопје, 2006
3. ***„Извештај за надворешната трговија на Република Македонија за 2005"*** – главен уредник и автор на неколку глави
4. ***„Извештај за надворешната трговија на Република Македонија за 2006"*** – главен уредник и автор на неколку глави
5. ***„Мандат за лидерство: Принципи за водење со Македонија во периодот 2006-2010",*** главен уредник, Институт за економски стратегии и меѓународни работи "Охрид", Скопје, октомври 2006 г.

### VI.2. Истражувања

1. Организационата поставеност на државните институции за прашањата поврзани со усогласувањето со СТО, Скопје 2004 г.
2. Succession of states: the case of ex-Yugoslavia (Сукцесија на државите: случајот на поранешна Југославија), постдипломско истражување на Институтот за општествени науки, Хаг, Холандија, Хаг, 1993 г.

## VII. УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ:

### VII.1. Говорник и модератор на меѓународни конференции, форуми и симпозиуми во периодот 2018 до 2022:

1. **British House of Lords и European Leadership Network (ELN):** Western Balkan Meeting, topic "*After the 17 May EU-Western Balkan Sofia Summit: taking stock of the region's security and economic conditions",* London, UK, 27-28th June 2018 (говорник)
2. **The US Senate Forum,** topic *"Current Challenges of Southeastern Europe and Combating Malignant Behavior of Russia in the Region",* 05th February 2019, Washington, US (говорник)
3. **Center for Euro-Atlantic Studies (CEAS) – Serbia:** Belgrade NATO week, topic *"Serbia and NATO - a look to the future"*, 13th May 2019 Belgrade, Serbia (говорник)
4. **NATO Defense College Foundation:** Conference Balkan Perspectives: Adapting the partnership and integration paths, topic "*Balkan Politics on The Razor's Edge"*, Rome, 16th May 2019 (говорник)
5. **Chinese Academy of Social Sciences and University of Ningbo:** International Forum of China Road and Human Destiny Community, topic "*Timely Opening of the Economy and Wise Change Management as Conditions"*, Ningbo, China 24-26.11.2019 (говорник)
6. **Friends of Europe:** European Policy Summit: "It takes two to tango: The Western Balkans between hope and reality" topic "*Challenge of reconciliation"*, Брисел, Белгија, 3.12.2019 (говорник)
7. **International Cooperation Platform**: Eleventh Bosphorus Summit – Living in an Age of Uncertainty, topic "*Regional and Global cooperation in the Defence Industry"*, Истанбул, Турција, 8-9 март 2021 (модератор)

8. **NATO Defense College Foundation** во соработка со **NATO Public Diplomacy Division** и **NATO Defense College**: Conference Black Sea and Balkan Perspectives - A Strategic Region topic *"The challenge of regional security and integration"* Рим, 28 јули 2021 (модератор)

## VII.2. Говорник на меѓународни научни конференции во Македонија

1. Научна конференција "Вештачката интелегенција – предизвик на дигиталната ера", Европски универзитет, Скопје, 14.9.2018 год. Тема: *„Економски импликации на AI и индустријата 4.0 врз компаративната предност на националните економии."*
2. Меѓународна научна конференција „Реформа на националниот безбедносен систем во контекст на интеграцијата во НАТО и ЕУ", Асоцијација за корпоративна безбедност и Меѓународна полициска асоцијација, Скопје, 18.10.2019 г.

## VIII. Д-Р ЗОРАН ЈОЛЕВСКИ СЕ ИМА ОБРАТЕНО НА СЛЕДНИВЕ МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ ПРЕД 2018 ГОДИНА:

1. **NATO's Open Door Policy in Warsaw and Beyond,** The German Marshall Fund of the United States Warsaw Office, June 21, 2016, Warsaw, Poland
2. **The Future of NATO Enlargement and New Frontiers in European Security,** topic *"The Future of Enlargement: Is NATO's Door Still Open?"* Atlantic Council, 08.06.2016 Washington, US
3. **Conference Migration Flows, Facts, Fiction and Politics in Between,** topic *"Beyond the Borders: Seeking Stability in an Era of Global Movement",* (speaker at the panel with Madeleine Albright and Daniel Miliband), 14 April 2016, Washington, US
4. **"Security and the Refugee Crisis in the Western Balkans",** The German Marshall Fund of the United States, 2.2.2016, Washington, US
5. **Warsaw Forum 2016,** Poland
6. **Wroclaw Global Forum 2015,** topic *"Conversation with Ministers: The Road to Europe?",* Poland, 6-7 July 2015
7. **B2S Forum, 2015 and 2016,** Budva, Montenegro
8. **Brussels Security Forum 2015,** Brussels, Belgium
9. **Halifax Security Forum 2015 and 2016,** Halifax, Canada
10. **Conference Western Balkans: The Futures of Integration**, topic *Committed to Euro-Atlantic Integrations and Reforms*, organized by NATO Defense College Foundation, 2014, Rome, Italy
11. **Economic Forum on SEE,** topic *"What will Attract Foreign Investment?",* SAIS John Hopkins, 27.3.2012, Washington, US
12. **College of Europe Workshop: Trade Policy and WTO Negotiations**. Topic: *EU and FTAs – The case of the West-Balkans*. Brussels, Belgium. 2006
13. **Regional Conference on the Harmonization of Trade Requirements**. Topic: *Trade Facilitation and Importance of a E-Customs and Single Window for enhancing regional trade in SEE*. Ohrid, Macedonia.2006
14. **Conference on Negotiating strategies for the WTO accession process**. Topic: *Experience from WTO accession in Macedonia*, Burce, Serbia, 2006
15. **Conference on Aspiring WTO Members**. Topic: *Lessons Learned from Previous Accessions*. Addis Ababa, Ethiopia, 2006
16. **WTO Accession and Trade and Transport Facilitation Conference**. Topic: *Lessons from Southeast Europe*. Belgrade, Serbia, 2005
17. **Doha Development Agenda and Trade Facilitation in South East Europe**. Topic: *Keynote Speaker*. Ohrid, Macedonia. 2005
18. **High-Level Policy Segment of the Committee for Trade, Industry and Enterprise Development**. Topic: *Trade Facilitation in the WTO Context*. Geneva, Switzerland. 2005

19. **Southeastern Europe Regional Trade Facilitation Conference**. Topic: *Trade Facilitation in Southeastern Europe and the WTO*. Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, 2005
20. **Regional Economic Forum South East Europe**. Topic: *Free Trade Agreements in the Region: Effects, Challenges and Perspectives*. Cavtat, Croatia. 2004
21. **UN/WTO/AITIC Seminar "Managing Globalization, Trade Facilitation and WTO Accession"**. Topic: *Regional Trade integration based on WTO rules, WTO accession and EU integration – mutually supportive processes*. Sarajevo, Bosnia and Herzegovina. 2004
22. **World Economic Forum**. Topic: *Trade: Building Regional Networks*. Athens, Greece. 2003
23. **Symposium: The Porto Carras - EU Western Balkans**. Topic: *Integrating Western Balkans Into Europe: The aftermath of the Greek Presidency*. Thessaloniki, Greece. 2003
24. **International Trade Symposium**. Topic: *Multilateral Trading System and South East European Countries in The Third Millennium*. Prilep, Macedonia. 1998
25. **Conference: "Southeastern Europe Regional Trade Facilitation Project"**. Sofia, Bulgaria, June 7, 2005.
26. **„Doha Development Agenda and Trade Facilitation in South East Europe"**. Ohrid, Macedonia, 23-24 September 2005
27. **Conference: "WTO Accession and Trade and Transport Facilitation"**. Belgrade, Serbia, 20-21 October 2005
28. **Seminar "Lessons Learned from Previous Accessions"**. Addis Ababa, Ethiopia 22 and 23 March 2006
29. **High Level Meeting on Serbia's accession to the WTO "Negotiating strategies for the WTO accession process"**: "Experience from WTO accession in Macedonia",, 6-8 April 2006 Bruce, Serbia, organized by the Ministry of International Economic Relations of the Republic of Serbia
30. **EU Policy Workshop on Trade Policy and WTO Negotiations:** "EU and FTAs – The case of the West-Balkans", Brussels, 25 April 2006, College of Europe

**Учество на други меѓународни конференции во својство на дипломатски претставник пред 2007 година:**

1. Втора и шеста министерска конференција на СТО
2. Шеф на делегацијата на Република Македонија на Светската конференција за радиокомуникации, Женева, 1997 г.
3. Член на делегацијата на Република Македонија на годишните сесии на Бордот на UNCTAD во 1993, 94, 95, 96 и 97 година
4. Член на делегацијата на Република Македонија на годишните сесии на Економската комисија на ООН за Европа во 1993, 94, 95, 96, 97 и 98 година
5. Член на делегацијата на за состаноците на економската работна група и работната група за сукцесија на Конференцијата за поранешна Југославија
6. Член на делегацијата на Република Македонија на годишните сесии на Светската организација за интелектуална сопственост во 1995, 96 и 97 година
7. Шеф на делегацијата на Република Македонија на Економскиот форум за странски инвстиции на Економската комисија на ООН за Европа и консултант на организаторот на Форумот.
8. Форум за електронска трговија во транзиционите земји, Женева, 2000 г
9. Кран – Монтана форум, 1996 и 1997 година
10. Светски економски форум во Давос – 2000, 2001, 2002 и 2003 година
11. Самит за одржлив развој, Јоханесбург, Јужна Африка, 2002 г., во организација на ООН;
12. Самит за Југоисточна Европа, 2003, Атина, Р.Грција
13. Европски економски самит во Салзбург, 1999, 2000, 2001 и 2002 година
14. Регионален економски самит за Југоисточна Европа во Цавтат, 2003 и 2004 година

Д-р Зоран Јолевски бил претседател на Организациониот одбор и претседавач на следниве регионални конференции:

1. „Хармонизирање на барањата за трговските податоци во Југоисточна Европа и можности за електронска размена на документи со можноста за имплементација на едношалтерски систем за царина“, Охрид, Македонија, 6-7 декември 2006 г.
2. „Развојната агенда од Доха и олеснување на трговијата: Олеснувањето на трговијата во контекст на СТО и другите меѓународни организации“ Охрид, 23-24.9.2005 год.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и изнесените податоци за научните, наставните и стручно-применувачки активности на проф. д-р Зоран Јолевски, Комисијата констатира дека кандидатот во целост ги задоволува законските и академските критериуми за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Досегашното научно и академско искуство и применета пракса, која вклучува дипломатско и експертско учество во работата на меѓународните организации (Светска трговска организација, УНКТАД, Комитетот за трговија на Економската комисија за Европа на Обединетите нации со седиште во Женева), советување на повеќе влади (Македонија, Етиопија и Србија) како и компании се доказ дека проф. д-р Јолевски е експерт во областа на мултилатералниот трговски систем. Целокупниот ангажман на д-р Зоран Јолевски покажува дека тој ги постигнува највисоките стандарди и критериуми во наставно-образовниот процес, во научно-истражувачката работа, како и во примената во пракса. Професионалниот развој на кандидатот покажува уникатна комбинација на научно-наставно искуство, дипломатско и експертско учество во работата на меѓународните организации кои ја администрираат, но и ја креираат мултилатералната регулатива на меѓународната трговија. Заради ова искуство кандидатот имал ангажман на повеќе универзитети, а како најпрестижни ќе ги наведеме Универзитетот Харвард и Лондонската школа за економија.

Врз основа на презентираните аргументирани елементи во извештајот и имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови согласно Законот за високото образование и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје да го избере д-р Зоран Јолевски за наставник во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** за научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација), за наставно-научна област: „Друго/Мултилатерален трговски систем“ (50329 - Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

______________________________

д-р Ирена Кикеркова, редовен професор

______________________________

д-р Јованка Билјан, редовен професор

______________________________

Акад. д-р Абдулменаф Беџети, редовен професор